До: Сите заинтересирани
Сл. бр. 06-07/1
Датум: 21.07.2026 (реобјава за продолжен рок за поднесување понуди)

Предмет: Повик за доставување на понуди за ангажирање тим од двајца експерт(к)и/обучувач(к)и за обука за циркуларна економија и заштита на животната средина во рамки на акцијата „Од отпад до уметност: Младите ја кројат иднината“.

Почитувани,

АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности Ве поканува да доставите понуда за подготовка и реализација на обука на тема **„Циркуларна економија и заштита на животната средина“**, која треба да се спроведе во три средни училишта (две во Скопје и едно во Куманово). Ангажманот е предвиден да се реализира во периодот август – декември 2026 година.

1) Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Стручна биографија на експерт(к)ите;
- Референтна листа на релевантни ангажмани на експерт(к)ите (подготовка и испорака на обуки за млади од областа на циркуларната економија, животната средина, управувањето со отпад);
- Примери од развиени едукативни програми и материјали за обука;
- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1);
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (документ во прилог, анекс 2).

На повикот имаат право да се пријават сите заинтересирани физички или правни лица, резиденти во Република Северна Македонија.

Проектот е ослободен од ДДВ, поради што финансиските понуди треба да се изразени во нето цена (доколку станува збор за правни лица) или бруто износ со вклучен персонален данок (доколку станува збор за физички лица).

Повеќе детали за условите и начинот на пријавување можете да најдете во документот „Услови за работа“.

Понудата се доставува скенирана електронски на contact@agora.org.mk или во затворен коверт во архивата на АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности (ул. Ристо Шишков бр.12-1/4, 1000 Скопје).

На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За повик Реф. Бр. 06-07/1 “ и текстот „Да не се отвора пред сесијата за евалуација”.

Документите во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со потпис од одговорните лица.

Понудата треба да се достави до 27.07.2026 година (понеделник), до 17:00 часот.

Сите доставени понуди кои ги исполнуваат условите, ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени.

Со почит,

Росица Тошевска

Проектна координаторка